# Том Јанев – поборник за вистината на Античка Македонија, особено за Александар Македонски (36)



**ОД ЖИВОТОТ И ДЕЛАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО СВЕТОТ**

Том Јанев беше еден од канадските интелектуалец од македонско потекло. Тој беше роден во Торонто, а неговите корени се протегаа до Беломорска Македонија. Нему Македонија му лежеше во душата и безгранично ја сакаше историската наука за Античка Македонија и за Александар Македонски. Том беше педагог и еден од ретките инженери по информатика и компјутери, а беше и еден од основачите на Македонско друштво за историја и архивистика, се со цел да ја брани вистината за Македонија.

Факт е дека македонските доселеници во Канада постигнуваат се‘ позабележителни резултати во обласа на културата, образованието, спортот и социјалниот живот воопшто. Нивните резултати на економски, образовен и културен план се‘ повеќе придонесуваат тие да не бидат третирани како граѓани од втор ред, туку како интегрален и важен дел во новата средина во Канада.

Една од таквите личности беше интелектуалецот Том Јанев кој својот живот го посвети на напредокот на човештвото. Тој стана познат и признат во македонската заедница, но и од

домашниот фактор и од другите етнички групи. Тој беше еден од големиот број интелектуалци, на деловни луѓе, видни личности во образованието и општественото живеење од македонско потекло.

Треба да се нагласи дека на Македонците од егејскиот дел на Македонија не им било и не им е дозволено да се школуваат на својот мајчин јазик, а многу мал е бројот на оние што завршија грчки училишта. Затоа, поголемиот број Македонци од Беломорска Македонија и други делови на Македонија дошле во новата средина во Канада со ниско или никакво образовно ниво, каков што беше случајот со родителите на Том. Тоа беше резултат на лошиот однос на грчките власти кон македонското населени. За разлика од демократска Канада, во дедовката земја тие биле обесправени, врз нив се вршела и се врши асимилација, денационализација и систематско прогонување


*Панорама на Торонто*

Меѓутоа, кај младите генерации родени во Канада се разгоре желбата не само да обезбедат основна егзистенција и да се создадат одредени материјални добра за семејството, туку тие посветуваат и големо внимание на образованието и личниот прогрес на тие демократски простори, каде што ги уживаат своите национални и социјални слободи.

Како резултат на тоа, голем број од иселениците, особено го учат англискиот јазик со цел подобро да се вклучат во животот на новата средина, а своите деца ги испраќаат да се образуваат во англиски училишта, колеџи и универзитети. Ова е изразено кај последните неколку генерации, особено кај иселениците од поново време, што услови нови структурни промени и видлив развој на македонските доселенци во демократска Канада.

Еден од тие интелектуалци беше и Том Јанев. При нашиот прстој во Торонто го посетивме домот на семејството Јаневи каде што се сретнавме со Том и Вирџинија. Тие се родени

Канаѓани, чии корени се протегаат по Беломорска Македонија, а се родители на Филип, Петар и Карл Јаневи. Том беше истакнат општественик во македонската колонија, како и признат и познат активист сред канадското општество. Тој беше роден во Торонто, каде што се здобил со високо образование и станал стручњак за електроника и компјутери, а подолг период работел како педагог. Во исто време, пројавил активности во црковното живеење во македонската колонија и во формирањето на организацијата „Обединети Македонци", на МПЦ „Св. Климент Охридски" и на Канадско-македонскиот центар во Торонто.





Како пензионер, и покрај нарушената здравствена состојба живо се интересираше за афирмирањето на македонскиот народ и Македонија и беше поборник за вистината на античките Македонци, со особена нагласка на ликот и делото на Александар III Македонски (Велики). Том Јанев, заедно со група интелектуалци од македонско потекло, во Канадско-македонскиот центар, познат како Старски дом, го формираа тогашното „Друштвото за историја и архивистика", кое зема широк замав сред образованите Канаѓани од македонско потекло и има за цел врз научна основа да го крене гласот за Македонија.

Инаку, „Канадско-македонското историско друштво" е единствено од таков вид во дијаспората кое игра значајна улога во севкупната научна и културолошка активност на голем број македонски интелектуалции од Канада, а кое има и своја библиотека. Тоа е асоцијација во која членуваат Канаѓани од македонско потекло од сите делови на Македонија кои се занимаваат со македонската историја, култура, јазик, литература и воопшто со македонската вистина во минатото и сегашноста. Тоа е формирано во 1991 година од група ентузијасти чиј број постојано расте и привлекува други професионалци и ентузијасти да ги негуваат македонските придобивки..

Друштвото има за цел да ја развие свеста и гордоста меѓу членовите и пошироко во канадското општество со цел тие да дознаат од каде им се корените, какво било нивното минато, сегашност и иднина.

Домот на Том Јанев се наоѓаше во еден современ комплекс од станбени згради во убав дел на Скарборо. Таму нè  чекаа Том и Вирџинија, со кои нашето познанство траеше уште од нивната посета на Македонија во 1979 година. Тие беа гостопримливи, љубезни, благородни и разговорливи, кои во пензионерските години при нашата средба се инересираа за состојбите, (не)приликите и за сè она што ги сврзува со нивната дедовска земја – Македонија.

Се потсетивме за времето кога Том и Вирџинија беа во Македонија. Во таа година, Том беше потпретседател на националната организација „Обединета Македонија“ и, како гостин на Матицата на иселениците од Македонија, учествуваше во одржувањето на големите иселенички манифестации во Македонија. Прита, тие заедно со голем број македонски иселеници од целиот свет посетија бројни градови, туристички и историски места, како и споменици на културата во Македонија, од каде што понесоа трајни спомени.




Во работниот дел во домот на Том Јанев во Торонто, покрај големиот број литература од разни научни области, го видовме компјутерот кој, според искажувањата на домаќинот, бил последен збор на техниката. Бевме информирани дека и покрај одминатите години на Том, тој сепак беше врската меѓу компјутерска мрежа во Канада, САД и пошироко, со Друштвото кое како кандаско-македонска асоцијација има за цел да фрли светлина на вистината за античките Македонци, на нивниот јазик и другите нивни карактеритики, особено да се осветлат некои детали од времето и делото на Александар III Македонски

(Велики). За оваа проблематика во последно време се произнесоа бројни личности во македонската колонија, а тематиката предизвикува интерес од широки размери.

Во домот на Том Јанев се сретнавме и со Одисеј Белчевски, интелектуалец по потекло од Битола, кој живее и работи во Торонто, а кој беше еден од соработниците на Том и активен член на Друштвото за историја и архивистика. Притоа Том и Одисеј покажуваа бројни фотокопии од документи за кои се надеваа дека во соработка со други македонски и канадски асоцијации ќе се отпечатат во една публикација, во која ќе се презентира вистината за писмото и за другите карактеристики на античките Македонци пред светската јавност.

Исто така, во домот на Јаневи бевме информирани дека Друштвото организирало семакедонски конгрес во Торонто на кој биле присутни поголем број научни и други интелектуалци од целиот свет, кои расправале за бројни аспекти на корените и вистината на античките Македонци, за Александар Македонски, како и за историските вистини на Македонија и македонскиот народ од античко време до денешни дни.

***Продолжува***



Пишува: **СЛАВЕ КАТИН**
www.slavekatin.com